# Селен+Цинк Директ

**диететски производ-додаток на исхрана**
без шеќер, со засладувачи
погодно за дијабетичари

**Иновативна формулација**
Микрогранули во кесичка со селен и цинк за примена во состојби со зголемени потреби на организмот за овие минерали, одржување на нормална функција на тироидната жлезда и репродуктивниот систем, одржување на нормална состојба на косата, кожата и ноктите и одржување на нормална функција на имуниот систем

**Брза и едноставна употреба без употреба на течност**
Директно растопување во устата за ефикасно обезбедување на селен и цинк

**Комфорна и вкусна употреба на селен и цинк**
Една кесичка дневно, со пријатен, освежителен вкус на цитрусно овошје

## *Селен (Se)*

Селенот е микроелемент кој остварува многу важни функции во човековиот организам.

Заради своето **антиоксидантно** својство овој минерал учествува во заштита на клетките и ткивата од штетното влијание на слободните радикали што го забавува стареењето.

Селенот ја поттикнува сперматогенезата и на тој начин позитивно влијае на **плодноста на мажот**.

**Имуносимулативната функција** на селенот е важна за јакнење на одбранбените способности на организмот.

Овие минерали учествуваат во правилно искористување на јодот во организмот во производство на **активни хормони на тироидната жлезда** што е неопходно за нејзина правилна функција.

Селенот е неопходен за правилен раст на **косата и ноктите**.

Заради често присутниот дефицит на селен во внесената храна, се препорачува земање на селен како додаток во исхраната.

## *Цинк (Zn)*

Цинк е минерал кој допринесува за нормална синтеза на **протеини и нуклеинска киселина** и игра важна улога во метаболизмот на **јаглени хидрати и масни киселини**.

Значењето на цинкот се огледува во неговата улога во метаболизмот на витамин А, и во одржување на нормалниот **вид** кај човекот.

Цинкот има удел и во функцијата на одржување на здрави **коски, кожа, коса и нокти**.

Придонесот на цинкот кај човекот е изразен во одржување на нормалното ниво на тестостерон во крвта и нормална плодност и репродукција.

Цинкот учествува во заштита на клетките од дејството на слободните радикали и со своето имуностимулативно дејство допринесува во одржување на нормална функција на имуниот систем.

Овој минерал неопходен е за нормален раст, делбата на клетките и зачувување на ацидо-базната рамнотежа во организмот.

Активноста на голем број ензими во организмот зависи од присуството на цинкот.

# Селен+Цинк Директ

**дијететски производ-додаток на исхрана**
без шеќер, со засладувачи
погодно за дијабетичари

***Здружено дејство на селенот и цинкот во препаратот Селен + Цинк Директ***

Обата минерали кои влегуваат во состав на препаратот допринесуваат за нормална функција на имуниот систем и заштита на клетите од оксидативен стрес и учествуваат во одржување на нормална состојба на косата и ноктите. Селенот допринесува за нормална функција на тироидната жлезда и сперматогенеза, додека цинкот допринесува за нормална плодност и репродукција и учествува во одржување на нормална состојба на кожата.

**Употреба:**
Еднаш дневно содржината на една кесичка се растопува во устата. Микрогранулите за неколку секунди се растопуваат во устата без дополнителна потреба од течност.

***Кому и кога се препорачува дополнителна суплементација на селен и цинк во исхраната?***

Селен и цинк се препорачуваат како додаток во исхраната кај недоволно внесување на овие минерали со храна или во текот на редукциони диети, во периоди на зголемени потреби на организмот во текот на интензивен раст и развој , кај зголемена физичка активност, кај лица кои пушат цигари.

**Состав:**
Една кесичка содржи:

| Активни состојки: | Содржина во една кесичка | %НРВ* |
|---|---|---|
| Селен (како натриум-селенат) | 55 µg | 100% |
| Цинк (како цинк-цитрат) | 10 mg | 100% |

*НРВ=Нутритивна референтна вредност

**Останати состојки:** регулатор на киселост (лимонска киселина), средства за зголемување на волуменот (карбоксиметил-целулоза, сорбитол), концентрат од сок од цвекло (сок од цвекло, малтодекстрин), средство против згрутчување (магнезиум-стеарат), засладувач сукралоза, арома, боја E101

**Предупредувања:**
Препорачаните дневни дози не смеат да се пречекоруваат!
Корисниците со познати здравствени проблеми пред употреба треба да побараат совет од лекар или фармацевт.
Прекумерен внес може да предизвика лаксативен ефект.
Не се препорачува на лица осетливи на некоја од состојките.
Бремените и доилките пред за започнат со земање на препаратот треба да се консултираат со лекар.
Додатоците во исхраната не се замена за разновидна исхрана.
Урамнотежената и разновидна исхрана и здравиот начин на живот се важни за Вашето здравје.

**Чување:** Да се чува на температура до 25°C, на суво место, подалеку од дофат на деца.

**Пакување:** 20 кесички по 2,0 g

**Производител:** За Pharmanova d.o.o., Индустриска 8, 11500 Обреновац, Република Србија произведено во Германија.

**Увезено од Германија**

**Увезува и пакува:** Pharmanova d.o.o., Индустриска 8, 11500 Обреновац, Република Србија

**Носител на решението за вршење промет во Република Македонија:**
Фарманова доо Обреновац, Претставништво Фарманова Илинден

PHARMANOVA

3203253-3

VA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMAN